АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

**Септември, 2021г.** **БР.9**

## ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2021

### Донесено Упатство за платеното политичко рекламирање

На 1 септември, Советот на Агенцијата усвои Нацрт-упатство за платеното политичко рекламирање за Локалните избори во 2021 година, во кое беше утврден начинот на примена на членот 75-ѓ ставови 1 и 2 од Изборниот законик за овој изборен процес. За Нацрт-упатството беше отворена јавна расправа од 15 дена, односно до 16 септември 2021 година, за која беше побарано да се изјаснат и политичките партии и независните кандидати, радиодифузерите и сите други заинтересирани субјекти. Постапката за усвојување на ова упатство во финална форма беше запрена, бидејќи Собранието на 15 септември, усвои измени на Изборниот законик, меѓу другото и на член 75-ѓ.

Согласно измените и дополнувањата на Изборниот законик, на 21 септември, Советот на Агенцијата усвои ново Упатство за платеното политичко рекламирање за Локалните избори во 2021 година. По донесувањето на Упатството и негово јавно објавување на веб страницата на Агенцијата, пристигнаа претставки од политичките партии Левица и ЛДП во врска со точката 3 став 1 алинеја 3 од Упатството, кои се однесуваа на тоа кои подносители на листи може да го користат времето од 1 минута на реален час емитувана програма на радијата и телевизиите за платено политичко рекламирање. Имајќи ги предвид пристигнатите претставки и различните толкувања што ги предизвикува членот 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата на 24 септември, донесе ново Упатство за платеното политичко рекламирање за Локалните избори во 2021 година, во кое во точката 3 став 1 алинеја 3 не се наведени подносителите на листи кои имаат право да ја користат 1-та минута на реален час за платено политичко рекламирање.

### Објавен Првиот извештај од мониторингот на медиумското известување на радиодифузерите

На 9 септември беше објавен Првиот извештај од мониторингот на медиумското известување за Локалните избори во периодот пред почетокот на изборната кампања (од 7 до 31 август 2021 година), со кој не беа констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик. Во извештајот е анализирана 24-часовната програма на првиот телевизиски програмски канал на Јавниот сервис – МРТ1 и на шест комерцијални телевизии на државно ниво кои имаат просечен неделен досег над 10% – ТВ 24 Вести, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма.

Мониторингот меѓу другото покажа дека во дневно информативните емисии, медиумите најчесто ги обработуваа актуелните теми низ вести (во низа) и низ извештаи, јасно структурирани и со проверливи извори на информации, но во ТВ-дневникот на одредени телевизии понекогаш се појавуваа и прилози реализирани низ нејасни, хибридни жанровски облици, спој од – информирање и обиди за резиме, за антиципација и за анализа на посложени општествени појави. Во некои од таквите случаи немаше ни јасно одвојување на партиските од професионалните редакциски гледишта. Забележлива беше и практиката да се „цитираат“ искази од социјалните мрежи, кои сами по себе често беа или нерелевантни или непроверливи. Детали за секој медиум одделно можат да се погледнат во Првиот извештај од мониторингот на медиумското известување за Локалните избори 2021.

### Известување за новите правила за ценовниците за платено политичко рекламирање

Агенцијата на 17 септември ги информираше радиодифузерите дека со ново донесените измени и дополнувања на Изборниот законик се определува нов начин на утврдување на ценовниците за емитување платено политичко рекламирање (ППР) кој ќе се применува и за Локалните избори 2021, поради што е пропишан дополнителен рок за регистрација и достава на ценовници до 19 септември до 24:00 часот.

Според измените во членот 75-ѓ од Изборниот законик, радиодифузерите сами ја утврдуваат својата просечна цена (аритметичка средина) по секунда за едно денонокие, добиена според различни ценовно-рекламни временски периоди за емитување на ППР, и тоа: Период 1 – од 00:00 до 08:00 часот, Период 2 – од 08:00 до 16:00 часот и Период 3 – од 16:00 до 24:00 часот, а таа да не ја надминува вкупната просечна цена за рекламирање на секој од радиодифузерите одделно, пресметана во последните пет изминати изборни циклуси одржани на ниво на цела територија на државата.

Беше посочено дека радиодифузерите кои се претходно регистрирани во ДИК не треба да поднесуваат нови барања, должни се да достават само нови (коригирани) ценовници. Сите други радиодифузери кои претходно не се регистрирани во Регистарот на ДИК, имаат право да поднесат ново барање до ДИК и да се регистрираат за емитување ППР. Радиодифузерите коишто нема навреме да постапат по новите законски измени, го губат правото да бидат регистрирани за платено политичко рекламирање.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

## Анализата на пазарот на ТВ и радио индустријата во фокусот на јавниот состанок на АВМУ



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 28 септември одржа јавен состанок, кој поради состојбата со корона вирусот, се реализираше преку видео конференциска врска. На состанокот, директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски, направи пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа во изминатите три месеци.

Присутните имаа можност да се запознаат со активностите поврзани со мониторингот на изборното медиумско известување на радиодифузерите за локалните избори, спроведените надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на АВМУ по барање, издавачите на печатени медиуми, изречените мерки јавна опомена, изработените истражувања, активностите на полето на меѓународната соработка.

На состанокот беа презентирани и наодите од Анализата на пазарот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година, во која е опфатено економското работење на јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните телевизии и радија, како и податоците од мерењата на телевизиската и радиската публика. Според податоците, приходите што заедно ги оствариле радиодифузерите во 2020 година изнесувале 2.382,61 милион денари милиони денари, што е најнизок приход во последните пет години. Повеќе од половина од нив биле приходи на комерцијалните телевизии – 1.217,88 милиони денари (51,12%), Јавниот сервис остварил приходи од 1.012,19 милиони денари (42,48%), а приходите на комерцијалните радиостаници изнесувале 152,54 милиони денари (6,4%). Вкупните трошоци во индустријата изнесуваат 2.415,78 милиони денари. Комерцијалните телевизии оствариле негативен финансиски резултат додека комерцијалните радиостаници и јавниот сервис работеле со добивка. Финансискиот резултат од работењето во индустријата во 2020 година бил со загуба од 34,68 милиони денари.

Целата анализа е достапна на веб страницата на Агенцијата на следниот линк.

## Објавена Анализа на структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2020 година

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изработи Анализа на структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2020 година, која на 29 септември беше објавена на веб страната на Агенцијата.

Во Анализата се претставени бројот и структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2020 година. Структурата на вработените е анализирана од аспект на работните места на кои тие биле ангажирани, статусот (редовен работен однос или хонорарен ангажман), полот, степенот на образование и етничката припадност.

## Донација од АВМУ за семејствата на починатите лица во пожарот во болницата во Тетово

Советот на Агенцијата на 25-та седница за 2021 година одржана на 9 септември, донесе Заклучок за доделување еднократна финансиска помош за семејствата на починатите лица во пожарот во модуларната болница за Ковид пациенти во Тетово, во висина од 60.000 денари по семејство.

Финансиските средства беа уплатени на посебна наменска сметка на Црвениот крст на РСМ. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрази длабоко сочувство до семејствата на починатите.

## Соопштение за јавност – Прилагодување на програмата на радиодифузерите со деновите на жалост

По повод трагедијата којашто се случи во модуларната болница за Ковид пациенти во Тетово, Владата на РСМ ги прогласи 9, 10 и 11 септември 2021 година за денови на жалост. Агенцијата преку соопштение за јавност ги повика радиодифузерите да ја прилагодат програмата со деновите на жалост, така што забавните шоу програми, хумористичните емисии или играната програма од жанрот комедија, планирани да се емитуваат тие три дена, да ги прераспоредат за други денови од седмицата.

Во соопштението беше посочено дека музиката која ќе се емитува во трите дена треба да биде од музички жанрови соодветни за денови на жалост, а доколку тоа го дозволуваат веќе склучените договори, препорачливо е да не се емитува рекламирање.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

## Надзори врз радиодифузери, ОЈЕКМ, Даватели на АВМУ по барање и печатени медиуми

### Радиодифузери

За почитувањето на обврските од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, вонреден административен надзор е извршен врз РА Балкан ФМ, ТВ Г-Телевизија, РА Мапедито-Меф, РА Буба-Мара, РА Холидеј, ТВ Дуе, ТВ Канал 8, Сити Радио и ТВ Протел. Надзорот покажа дека радиодифузерите ги исполниле минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

### Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

За обврската на операторите на ЈЕКМ кои реемитуваат програмски сервиси, во програмскиот пакет кој го нудат задолжително и бесплатно да се содржани програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, извршен е редовен програмски надзор врз 14 оператори. Со надзорот е констатирано дека оваа обврска е исполнета кај сите оператори опфатени со надзорот.

Редовен програмски надзор за обврските коишто се однесуваат на регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат операторите е извршен врз операторите Кабел, Глобалсат, Пет Нет, Алтра Сат 2000, Траншпед Трејд, Македонски Телеком, А1 Македонија, Сигнал-Нет и Дрим Сат ИПТВ. Со надзорот е констатирано дека операторите постапиле согласно законските обврски.

Врз операторот Кабел-Нет од Струмица, Агенцијата изврши контролен програмски надзор за да утврди дали е постапено по претходно изречената мерка-опомена, за реемитување на програмски сервиси коишто не се регистрирани во Агенцијата. Надзорот покажа дека операторот во целост постапил по претходно изречената мерка.

### Даватели на АВМУ по барање

Врз Давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање НЕОТЕЛ од Скопје, извршен е редовен програмски надзор за обврските коишто се однесуваат на заштита на малолетните лица, кинематографските дела, и промоција на производство и пристап до европски дела. При програмскиот надзор не се констатирани прекршувања.

### Печатени медиуми

Врз друштвото за услуги Антиќ Медиа од Скопје, издавач на печатениот медиум „Портрет“ извршен е контролен административен надзор, за да се утврди дали е постапено по Решението за преземање мерка-опомена, претходно упатено од Агенцијата, заради неисполнување на обврската за објавување импресум. Надзорот покажа дека е постапено согласно обврските од Законот за медиуми.

### Изречена мерка јавна - опомена

Советот на Агенцијата на 24-та седница за 2021 година одржана на 1 септември, врз основа на констатации од извршен надзор донесе решение за преземање мерка јавна опомена за Сити Телевизија од Скопје, поради не емитување најмалку половина од законскиот миниум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-028/2018